И7181

19135





Моника МОТЕСКА: без наслов, 1996

*МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ*

# Студиска изложба „Преобразби"

**• Оваа обемна поставка на авторката Соња Абаџиева со поднаслов „Модалитети на македонското модерно и современо сликарство" што вклучува 70 дела од 37 уметници од сите генерации ќе трае два месеца**

Вечерва во Музејот на современата уметност во 20 часот ќе се отвори студиската изложба „Преобразби- Модалитети на македонското модерно и современо сликарство" на авторот Соња Абаџиева, кустос-советник во МСУ на која ќе бидат прикажани 70 дела од 37 автори од сите генерации.

По повод изложбава што ќе трае два месеца- до 27 декември, МСУ издаде и книга од истиот автор и со истиот наслов.

Мотивот за ваква презентација на современото македонско сликарство авторот Соња Абаџиева го објаснува со идејата да се толкува самото битие на сликарството, неговата феноменолошка стојност. „Долг период теоријата на уметноста нѐ убедуваше дека природната ограниченост на сликата во две димензии го спречува нејзиниот развиток во однос на скулптурата. Примерите за најголемите претставници на модернизмот се антиаргументација на претходниот став, со евидентни докази дека структурата и феноменот на сликарството се подложни на непрестајно менување, на отстапување од нормата"- вели таа.- Предмет на оваа изложба се модалитетите на непостојаноста на сликата, незапирливата желба таа да се менува. Поставена во контекст на реторички рефрени за крајот или смртта на сликарството, тезата на изложбата настојува да покаже дека сликарството не само што е далеку од одарот, туку декас пулсира наспроти црните предвидувања, токму поради способноста непрекинато да се приспособува и менува. Менливоста на овој феномен станува доказ за неговата неменливост, вели Абаџиева меѓу другото, додавајќи дека постапките со кои уметниците го менуваат сликарството и неговото денешно опстојување во семожни форми е резултат на вистинското сакање да се живее низ пиктуралното.

На изложбата се вклучени автори, појави и дела од модерната и современата уметност од сите генерации кои отстапуваат од линијата на утврдените законитости во оваа сфера, од моментот кога во сликарството почнува процесот на неутрализација на спротиставеностите до моментот кога прашањето за перспективата и анатомијата стануваат депласирани. Односно, изложбата опфаќа творби кои им бегаат на правилата на академското сликарство- кои вршат дигресии, експериментираат и истражуваат, менувајќи ги односите меѓу основните сликарски категории. Селектираните слики се во функција на укажување на феномените на промените во македонското модерно и современо сликарство.

С. Ѓ.